## КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 80 СТ. 3

(3) Странката може да поднесе вонреден правен лек и да презема дејствија во постапката по вонреден правен лек само преку полномошник, кој е адвокат или лице дипломиран правник со положен правосуден испит кое е вработено кај странката, освен ако е самата адвокат или е дипломиран правник со положен правосуден испит или е универзитетски професор по правен предмет поврзан со судската практика од соодветната област.

- Со оваа одредба се ставаат во нееднаква положба професорите по право кои не предаваат предмет поврзан со судската практика од соодветната област, бидејќи сите професори на правни науки имаат завршено правен факултет и се претпоставува дека сите ги знаат базичните предмети од кои можат да произлезат предмети поврзани со судската практика од соодветна област. Пример професор кој предава вовед во право, иако има завршено правен факултет нема да може да вложи ревизија сам, а професор кој предава парнична постапка ќе може да вложи ревизија сам иако и двајцата имаат исто образование како дипломирани правници. Истата одредба ја има и во членот 414.

## КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 156

**Член 156**

Во случај кога рочиштето е одложено поради спреченост на судот, странките не се должни да ги надоместуваат трошоците за застапување на тоа рочиште, независно од исходот на парницата.

- Често пати се случува рочиштата да се одлагаат по неколку пати од причини на спреченост на судот, во овој член не е наведено кој е должен да ги надомести трошоците во ваков случај.

## КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 243

**Член 243**

(1) Странката која предлага изведување на доказ со вештачење должна е во предлогот да го назначи предметот на вештачењето и да предложи определено лице за вештак.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член судот ќе и го достави на спротивната странка заради изјаснување.

(3) Судот ќе определи вештачењето да го врши предложениот вештак, ако спротивната странка не се противи за тоа.

(4) Ако спротивната странка се противи вештачењето да го врши предложениот вештак, вештакот ќе го определи судот по електронски пат со примена на правилото на

случаен избор од регистарот на вештаци, во присуство на двете странки, односно на нивните застапници.

(5) Кога вештачењето се определува согласно со членот 242, став 2 од овој закон, вештакот ќе го определи судот согласно со одредбите од ставот 4 на овој член.

- Во ситуација кога вештаците се предлагаат од самите странки, не постои потреба за изборот на вештак да се изјаснува спротивната странка. На ваков начин само ќе се одлага непотребно постапката. Од друга страна, изборот на вештак по случаен избор од регистарот на вештаци, може да значи дека предмет кој се води пред Основниот граѓански суд во Скопје треба да го вештачи лице вештак од Македонска Каменица, што претпоставува и зголемување на торшоците за странките во постапката.

КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 244 ст. 1

**Член 244**

(1) Странката може да му приложи на судот писмен стручен наод и мислење на вештак во врска со фактите од членот 242 став (1) од овој закон.

- Каде е дефинирано што претставува стручен наод и мислење и која е разликата помеѓу вештачење и стручен наод и мислење, од аспект на доказната сила на овие два докази во постапката? Дали станува збор за две различни доказни средства или за истото, особено ако се земе во вид и одредбата од членот 249 кој во ст. 1 кој наизменично ги меша двата термини и предвидува:

  Судот на рочиштето од член 245 од овој закон донесува решение со кое се определува вештачењето кое содржи: предмет на спорот, предмет на вештачењето, рок за доставување до судот на стручен наод и мислење во писмена форма, името и презимето или називот на лицето на кое му е доверено вештачењето, како и податоци од регистерот на вештаци. Судот за определеното вештачење ќе изготви посебно решение. (2) Рокот за поднесување на стручниот наод и мислење во писмена форма до судот не може да биде подолг од 45 дена, а во сложените предмети од 60 дена.

**КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 252**

**Член 252**

Вештакот има право на надоместок на патните трошоци, трошоците за исхрана и ноќевање и на трошоците за вештачење, како и право на награда за извршеното вештачење.

- Зошто вештакот има право на надоместок на патните трошоци и трошоците за исхрана и ноќевање, а истото не им е дозволено на адвокатите кога застапуваат пред судови надвор од седиштето на нивната канцеларија?

**КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 271 ст. 5 и 6**

(5) Подготвителните поднесоци странката е должна да ги поднесе најдоцна 15 дена пред одржување на подготвителното рочиште.

(6) Спротивната странка може во рок од осум дена од приемот на поднесокот од став (5) на овој член да одговори на наводите содржани во него.

- Потребно е да се предвиди санкција за непочитување на овие одредби, од причина што истите многу често се злоупотребуваат во постапката.

**КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 278 ст. 2**

2) Со поканата со која се доставува тужбата, тужениот ќе се предупреди дека е должен да даде писмен одговор на тужбата во рок од 30 дена од денот на приемот на тужбата. Судот е должен во поканата да го предупреди тужениот на правните последици од недавање на писмен одговор на тужбата во определениот рок (член 332)

- Нејасно е дали оваа одредба се однесува и на стопанските спорови.

**КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 288**

(1) На подготвителното рочиште судот во договор со странките ја определува временската рамка за водењето на постапката.

(2) Решението за определување на временската рамка за водење на постапката особено содржи: број на рочишта за главна расправа, денот и часот на одржување на рочиштата за главна расправа, распоред за изведување на доказите на рочиштата за главна расправа, доколку е тоа можно.

(3) При определување на временската рамка за водење на постапката судот ќе ја земе во предвид сложеноста на предметот во однос на правните и фактичките прашања.

(4)Определувањето на рочиштата за главна расправа од ставот (2) на овој член, се врши така што секое наредно рочиште мора да се закаже најдоцна во рок од 45 дена од денот кога е закажано претходното рочиште.

(5) Со давање на примерок на записникот од одржано подготвително рочиште во кој е определена временска рамка за водење на постапката, странките се сметаат за уредно поканети за сите рочишта за главна расправа.

(6) Судот не е врзан за определената временска рамка за водење на постапката и може во текот на постапката да ја менува и дополнува, за што ќе ги извести странките.

- Со самиот став 6 од овој член на судот и странките во постапката се остава слобода да ја менуваат временската рамка. Од овие причини оваа одредба е непотребна, бидејќи истата во пракса нема да биде речиси никогаш доследно почитувана и спроведувана. Одредби за времетраењето на постапката постојат и во сегашниот ЗПП, но никој не ги почитува.

**КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 390 ст.2**

(2) Врховниот суд на Република Северна Македонија одлуката по ревизијата ќе ја донесе најдоцна во рок од девет месеци од денот на приемот на предметот во работа во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

- Што доколку овој рок е пробиен. Многу често се случува да се чека донесување на пресудите од страна на Врховниот суд повеќе години.

**КОМЕНТАР КОН ЧЛЕН 460 и 457 ст. 1**

Постапката во споровите од мала вредност ќе се спроведува и по повод приговор против судскиот или нотарскиот платен налог, ако вредноста на оспорениот дел на платниот налог не го надминува износот од 60.000 денари.

- Нејасно е дали во постапките за нотарски платни налози чија што вредност не надминува 60.000,00 денари, а кои по приговор ќе одат во судот, потребно е странките да направат медијација како што е тоа предвидено во членот 457 ст. 1?
- Доколку остане одредбата од членот 457 ст. 1, тогаш во споровите од мала вредност ќе се зголемат трошоците на странките, бидејќи само трошокот за медијацијата која не успеала е 3.000,00 денари.